Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 14.08.2021

На 14.08.2021 околу 01.15 часот пред угостителски објект во Градскиот парк во Скопје од полициски службеници од СВР Скопје е лишен од слобода С.С.(22) од Скопје, по издадена централна потерница и наредба од Основен кривичен суд Скопје, заради издржување казна затвор во траење од две години. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Карпош по што ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 13.08.2021 околу 13.15 часот на локалниот пат за с.Црквино во Велес се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „бмв", со велешки регистарски ознаки, управувано од Џ.Б.(51) од с.Горно Оризари, велешко и патничко возило „мерцедес", со пробни регистарски таблички, управувано од Е.А.(22) од с.Црквино, велешко. Во незгодата со повреди се здобиле двајата возачи и нивните четири сопатници, додека со тешки телесни повреди се здобила Ф.А.(47) од с.Црквино, сопатничка во патничкото возило „мерцедес", констатирани во Општата болница Велес. Увид на местото извршила екипа на СВР Велес.

СВР Тетово ќе поднесе кривични пријави против М.Ш., В.Е., Н.Е., Л.В., Ј.З., К.М. и Н.А сите од с.Челопек, и А.А. од с.Гургурница, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија", казниво по член 206 од Кривичниот законик, бидејќи при извршена проверка од полициски службеници од СВР Тетово на 13.08.2021, пријавените не биле пронајдени на наведените адреси, односно заминале во странство и покрај тоа што од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат им било издадено решение за изолација во домашни услови.

На 13.08.2021 Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведе зајакната акциска контрола на автопатот Куманово - Скопје - Велес за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 128 возила. Од нив, 23 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина.

На 13.08.2021 околу 09.30 часот во Штип на ул.„Рибник 66", во кругот на Градските гробишта, патничко возило „даеву матиз" со штипски регистарски ознаки, управувано од Д.С.(49) од Штип излетало надвор од коловозот. По незгодата Д.С. бил пренесен во Клиничка болница Штип, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Штип.

На 13.08.2021 во 20.30 часот во СВР Скопје, Н.К.(38) од Скопје пријавил дека во парк на ул.„Бранко Заревски" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 13.08.2021 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 105 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 47 санкции, седум за возење под дејство на алкохол, три за возење без возачка дозвола, 29 за непрописно паркирање.

На 13.08.2021 во 20.05 часот на крстосница од локален пат с.Стајковци-с.Црешево, локален пат Скопје-с.Страчинци и приклучокот кој води кон автопат Северна обиколница на град Скопје, патничко возило „фолксваген пасат", со германска национална ознака, управувано од Ј.Г.(29) од с.Страчинци, скопско, удрило во велосипед управуван од Т.Г.(39) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Т.Г., констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатото деноноќие (13.08./14.08.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 47 прекршоци.

На 13.08.2021 во СВР Охрид е приведен 16-годишник од Неготино, кај кого при контрола во близина на плажа во Охрид била пронајдена марихуана. Со него, во присуство на родител и претставник од Центарот за социјални работи, извршен е разговор по што ќе следи соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ш.Б.(57) и Б.И.(38) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 02.08.2021 на паркинг простор на автопатот с.Желино-Тетово, полициски службеници извршиле преглед кај пријавените, при што пронашле и одземе кокаин.

На 13.08.2021 околу 19.50 часот на ул.„Маршал Тито" во Берово патничко возило „ланчиа", со беровски регистарски ознаки, управувано од Д.Џ.(34) од Берово удрило во пешакот Л.А.(65) од Берово. По незгодата пешакот Л.А. е пренесен во Медицински центар Штип, каде ѝ се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Берово.

На 13.08.2021 во 18.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред маркет на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија околу недоразбирање во сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ј.С.(41) од Скопје и И.Р.(24) од с.Орешани, скопско. Сочинети се записници за констатиран прекршок чл.11 од ЗППЈРМ.

На 14.08.2021 во 00.20 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово бил лишен од слобода М.М.(34) од Тетово, постапувајќи по претходна пријава на Б.Ш.(45) од Тетово дека околу 00.10 часот пријавениот со остар предмет се обидел да го нападне неговиот малолетен син. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против В.С.(24) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанци и прекурсори " и „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 05.08.2021 на магистралниот пат Гостивар-Маврово, полициски службеници извршиле преглед на такси возило во кое се превезувал пријавениот, при што кај него биле пронајдени и одземени кокаин и марихуана. Притоа, при обид да побегне, тој физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејства. Од судија на претходна постапка на пријавениот му била одредена мерка притвор.

На 13.08.2021 во 15.30 часот, на магистралниот пат Охрид-Ресен во близина на охридското село Опеница, патничко возило „форд", со битолски регистарски ознаки, управувано од А.Р.(28) од Битола, излетало од патот. Притоа, со тешки телесни повреди се здобила малолетна сопатничка од Битола, констатирани во болницата „Св.Еразмо". Увид извршија полициски екипи.

На 13.08.2021 во 22.50 часот во СВР Скопје, А.А.(28) од Скопје пријавил дека околу 22.20 часот пред обложувалница во с.Трубарево, скопско бил физички нападнат од 17-годишник од с.Трубарево. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл. 12 од ЗППЈРМ.

На 13.08.2021 во 20.30 часот во СВР Куманово, Љ.В.(35) од Куманово пријавил дека околу 19.00 часот, додека бил на своето работно место како обезбедување во казино во Куманово, по претходна расправија, бил физички нападнат со тврд предмет од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице – угостителски објект од Тетово и М.А.(39) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 17/18.06.2021 полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во угостителскиот објект и констатирале дека работи затворениот дел на објектот и во него биле затекнати 50 гости и покрај забраната за работа на затворените делови од угостителските објекти.

На 14.08.2021 во 02.13 часот во СВР Куманово, М.С.(19) од Куманово пријавил дека околу 01.00 часот пред угостителски објект во Куманово, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од И.Ц. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2021 во 00.30 часот во Полициска станица Кочани, С.С.(30) од Кочани пријавил дека на 13.08.2021 околу 22.30 часот во спортска обложувалница во Кочани бил физички нападнат со тврд предмет од Г.Ј. од населба Оризари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје поднесе кривична пријава против А.Ј.(19), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 06.08.2021 на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", пријавениот приложил фалсификуван негативен ПЦР тест.

На 13.08.2021 во 17.20 часот во Полициска станица Карпош, Б.А.(42) од Скопје пријавил дека во казино во трговски центар на подрачје на Карпош бил физички нападнат од М.К.(30) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2021 во 13.30 часот во Полициска станица Гази Баба И.З.(45) од Скопје пријавил дека на 12.08.2021 околу 20.00 часот на игралиште во населба Ченто, на неговиот малолетен син, кој бил заедно со други малолетници, им биле упатувани закани од двајца малолетници, од кои едниот имал остар предмет со него. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2021 во Полициска станица Центар од Јавна установа за згрижување на деца е пријавено дека нивниот штитеник М.А.(14) самоволно се оддалечил од установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 13.08.2021 во 08.50 часот во СВР Скопје, С.Т.(63) од Скопје пријавил дека околу 07.30 часот, додека бил на своето работно место во фирма во нас.Илинден, на паркинг просторот забележал зрно. Увид на лице место и подигање на зрното за понатамошна постапка е извршено од екипа од СВР Скопје.

На 14.08.2021 во 03.20 часот во СВР Куманово било пријавено нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка во угостителски објект во атарот на с.Проевце, кумановско., при што Т.В.Д.(25) од Куманово се здобил со тешка телесна повреда, констатирана во Ургентен центар Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет